




## Подетални информации за мерката

# 7.2- Обука и вработување на лица за обезбедување услуги на грижа во заедницата

Мерката предвидува поддршка на постоечки Здруженија на граѓани и Приватни установи за вон семејна социјална заштита на стари лица за испорачување социјални услуги во домот и заедницата за лица со попреченост и лица со најтешки хронични болести и долгорочно болни лица. Услугите кои ќе се испорачуваат од страна на селектираните правни субјекти/ даватели на услуги ќе бидат усогласени со стандардите на квалитет и процедурите кои се утврдени или ќе се утврдат од страна на Министерството за труд и социјална политика.

## Преку мерката ќе се обезбедат:

- Услуги за нега и грижа во заедницата - Одмена на семејна грижа на деца и лица со попреченост или стари лица. Преку услугата одмена на семејна грижа се обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмена, одмор и задоволување на лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив.

- Услуги за нега и грижа во домот за лица со попречености, долгорочно болни лица зависни од негата и грижата од друго лице (како лица со Алцхајмерова болест, лица на кои им е потребна палијативна нега, лица со Мултиплекс склероза и други најтешки хронични болести кои за извршување на секојдневните животни активности се зависни од други лица). Преку сервисот се испорачува и социјално - здравствени услуги со кои се обезбедува долготрајна грижа за болни лица кои опфаќаат разни здравствени, здравствено поврзани и социјални услуги со коишто им се помага на лицата со функционални ограничувања поради физички, когнитивни, ментални состојби, попречености и органски заболувања.

## Поддршката на давателите на услуги опфаќа:

- Обезбедување на обучена и квалификувана работна сила. За потребите на селектираните правни субјекти (Здруженија на граѓани и приватни установи за вон семејна социјална заштита на стари лица), предвидено е обучување на 150 невработени лица и развивање на мрежа од умешни и квалификувани негователи и стручни лица. Обуката ќе ја испорачуваат лиценцирани спроведувачи на обука со верификувана програма во регионите каде селектираните правни субјекти ќе ги испорачуваат социјалните услуги. Спроведувачите на обука за стручни квалификации, ќе добијат надоместок во висина до 30.000 денари за лице на обука, додека лицата што ќе посетуваат обука ќе добијат месечен надоместок во висина од 11.000 денари со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест за времетраењето на обуката од 3 месеци.

- Субвенционирано вработување на 100 невработени лица од успешно обучените невработени лица во износ од 30.780 денари месечно по лице во период од 10 месеци. Селектираните правни субјекти (доколку изразат желба) може да му исплатат на негователот и повисок износ на месечни примања.

- Еднократен износ до 3.500 денари по краен корисник за селектираните правни субјекти за покривање на оперативните трошоци и трошоци за управување на социјалниот сервис.

- Дополнително (повремено) ангажирање на стручни лица (социјален и медицински работник) за испорака на социјално-здравствени услуги за долготрајна грижа за болни лица. Надоместокот за оваа поддршка изнесува 309 денари по час по краен корисник за ангажирање на стручни лица при што бројот на часови на ангажман не може да надмине 20% од вкупното време на услугата за крајниот корисник.

- Менторска/советодавна поддршка за селектрираните правни субјекти и вработените даватели на услуги. Оваа поддршка ќе ја обезбедат ангажирани стручни лица - експерти од областа на социјални услуги и преку истата ќе се обезбеди поддршка во процесот за лиценцирање на социјалната услуга, како и за стандардите при испорачување на социјалните услуги.

- Менторска/советодавна поддршка за деловната активност на социјалниот сервис, како и развивање на бизнис моделот за испорачување на социјалните услуги.

- Експертска поддршка за мапирање на потребите од услуги на грижа во локалната заедница. Оваа поддршка ќе биде насочена кон зајакнување на вештините на селектираните правните субјекти во однос на идентификација на потенцијални корисници и осознавање на потребите од социјални услуги во локалната заедница. Фокусот ќе биде насочен кон воспоставувањето на партнерските односи со локалната самоуправа (општините) и другите локални институции и организации од областа на социјалната и здравствената заштита со цел воспоставување мрежа за поддршка на крајните корисници.

**#ШансаЗаСите**

За повеќе информации, лица за контакт –
Викторија Нешковска (viktorija.neshkovska@undp.org)
071/329-534

Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

UN DP